ZNANSTVENI INŠTITUT FILOZOFSKE FAKULTETE V LJUBLJANI
INŠTITUT ZA NACIONALNO ZGODOVINO - SKOPJE

# SLOVENCI IN MAKEDONCI V JUGOSLAVIJI

ZNANSTENIN INŠTITUT FILOZOFSKE FAKULTETE V LJUBLJANI
INŠTITUT ZA NACIONALNO ZGODOVINO - SKOPJE

# SLOVENCI IN MAKEDONCI V JUGOSLAVIJI

*Божо РЕПЕ*

# УСТАВНОТО ОСАМОСТОЈУВАЊЕ НА СЛОВЕНИЈА

(Резиме)

Менувањето на уставниот поредок во Југославија започна во октомври 1988 година кога Сојузниот одбор на југословенскиот парламент го усвои пакетот со предлози на амандмани, а којшто го потврди и словенечкиот парламент. Словенечките власти се обидуваа усвојувањето на амандманите да го прикажат како успех бидејќи основната ориентација на уставот од 1974 година остана, додека амандманите треба да го овозможат преминувањето во пазарното стопанство. Дел од јавното мислење таквата интерпретација во почетокот ја поддржуваше, но со продлабочување на кризата се засилуваа и критиките на сметка на попуштањето пред центарот.

Прашањето за политичкото уредување и за положбата на Словенија во Југославија се концентрира на проблемот за уставниот поредок и дури во 1987 година стана главна област на натпреварот воден меѓу социјалистичките власти и делот на критички расположената стручна јавност, односно на веќе делумно артикулираната опозиција. Опозицијата поаѓаше од ставот дека Словенија треба најнапред да го донесе својот устав, па дури потоа да преговара за облиците на поврзување со другите југословенски републики, односно со федерацијата. Според мислењето на опозицијата, таквиот пристап во завршна фаза би довел до конфедеративно уредување на Југославија, до либерализација на приватното претприемаштво, до укинување на монополската улога на СКЈ и до воведување на политичкиот плурализам (непосредни избори со повеќе кандидати).

Опозицијата организира посебен Собор за уставот и почна да подготвува свој предлог на словенечкиот устав. На 25 април 1988 година на јавноста за првпат ѝ беа претставени Тези за Уставот на Република Словенија (потоа објавени во Časopis za kritiko znanosti), популарно наречен "социолошко-писателски устав", на кои уследи редица стручни статии на истата тема во "Нова ревија" и во други публикации. Властите ги отфрлаа уставните предлози на опозицијата, но расправите се одвиваа така што во нив учествуваа и едните и другите.

Осознавајќи дека во уставната област опозицијата е пред него, Парламентот во меѓувреме почна да подготвува амандмани на постојниот словенечки устав. На подготовката на амандманите, посредно или непосредно, доста влијаеше и Соборот за уставот. Тој до Парламентарната комисија редовно испраќаше свои ставови и го поттикнуваше притисокот на јавноста. Уставните амандмани во сите органи на сојузното раководство и во раководството на СКЈ наидоа на мошне остро спротивставување и тие сакаа нивното усвојување на секој начин да го спречат. И покрај тоа, словенечката власт го издржа притисокот (седницата на ЦК на СКЈ, на која сакаа да ги принудат словенечките комунисти да го спречат

усвојувањето на амандманите, траеше цела ноќ и цело време ја пренесуваше и телевизијата). На 27 септември 1989 година словенечкиот парламент ги усвои амандманите. Тие уставно овозможуваа преминување од социјалистичко во пазарно стопанство и од еднопартиски систем во повеќепартиска демократија (избришана беше и одредбата за раководната улога на Сојузот на комунистите), а во исто време Словенија во однос на федерацијата презеде и повеќе надлежности (пред сé во областа на стопанството) од предвидените во сојузниот устав.

На повеќепартиските избори во април 1990 година победи опозицијата здружена во коалицијата Демос и новите власти се соочија со прашањето како да го остварат општото предизборно ветување за воспоставување на сопствена државност. Во почетната фаза по преземањето на власта меѓу позицијата и опозицијата владееше мошне голема недоверба и климата во Парламентот беше доста напната. И покрај тоа, тој на 2 јули 1990 година ја усвои Декларацијата за независност, еден вид мешавина на политичка декларација и на правен акт. По Декларацијата не уследија конкретни мерки и затоа таа немаше поголемо влијание врз развојот на политичките настани. Во услови на сé поголема политичка поларизација, кај делот на влијателните Демосови политичари и идеолози почна да преовладува сознанието дека остварување на осамостојувањето не може да биде само проект на еден дел на политичките сили туку национален проект и дека власта – ако навистина сака да постигне ефективна самостојност–за тоа треба да ја има поддршката на мнозинството на политичките сили и на населението. Затоа, во преден план, повторно дојде прашањето за уставот кој во парламентот се донесува со 2/3 мнозинство. Ако за него би гласало мнозинство пратеници во парламентот, потоа би се распишал референдум и во случај на позитивен исход, словенечкиот народ на тој начин јасно би ја искажал својата волја да живее во суверена држава. Но за усвојување на уставот, по доаѓањето на опозицијата на власт, немаше големо воодушевување бидејќи неговото усвојување би значело поинаква структура на државното уредување, распуштање на парламентот и распишување на нови избори, а тоа не им одговараше на луѓето кои штотуку дојдоа на власт. Покрај тоа, владејачката коалиција интерно имаше поинакви ставови по бројни идеолошки и други прашања кои би требале да бидат опфатени во уставот (прашањето на одделување на црквата од државата, прашањето на абортус и редица други прашања). Кај делот на владејачките политичари преовладуваше убедувањето дека тие треба прво да се утврдат во власта и политичката моќ да ја засилат со обезбедување на економските основи (со помош на приватизација и денационализација), па дури потоа на ред да дојде "вистинското" осамостојување. Значаен беше и надворешнополитичкиот фактор: одделни партии за време на преминувањето на повеќепартискиот систем, уживаа поддршка кај сродни партии во странство кои ги одвраќаа од отцепување.

Во такви услови еден дел од интелектуалците (инаку, автори на уставот) во Демос сфати дека уставот нема да биде усвоен до 23 декември 1990 година, како што

планираше врвот на Демос и дека осамостојувањето би можело да запре ако тоа во правна смисла биде врзано само со усвојувањето на уставот или дури само на законодавството. Затоа, во ноември оживеа идејата за плебисцит (што инаку безуспешно веќе беше предложен во Парламентот на 4 октомври 1990 година од опозиционата Социјалистичка партија, односно од некогашниот ССРН). За плебисцитот најпрво расправаше Демос. Кога идејата (со резерви од некои партии) беше усвоена, започнаа преговори со опозиционите партии. И покрај разликите, партиите успеаја да постигнат единство и Парламентот го усвои Законот за плебисцит со 203 гласови за, ниту еден против и со 4 воздржани. Плебисцитот (којшто беше спроведен на 23 декември 1990 година, додека службените резултати беа прогласени на 26 декември) успеа (со 93,2% учество на граѓаните со право на глас од кои за самостојност се изјаснија 88,2%). Одлуката требаше да се оствари во рок од 6 месеци, т.е. најдоцна на 26 јуни 1991 година. Парламентот ја усвои и Конвенцијата на Советот на Европа за почитување на човековите права и Изјавата за добри намери, предложена од Претседателството на Словенија, во која изрично беше напишано дека самостојноста на Словенија не е насочена против другите народи во Југославија. Со таа изјава словенечката држава им ги гарантираше правата на сите национални малцинства и на припадниците на другите народи кои постојано живеат во Словенија, со можноста за нивниот културен развој и можноста за стекнување на словенечко државјанство, ако тоа го сакаат. Меѓународната заедница негативно реагираше на плебисцитот, а претставниците на меѓународните институции ја игнорираа поканата за контрола на неговата реализација.

На 25 јуни 1991 година Словенија ја прогласи својата самостојност. Интервенцијата на Југословенската армија што потоа уследи, беше доволно интензивна за хомогенизација на единството на партиите, но во исто време не толку силна за да не може Словенија да ѝ се спротивстави. Со тоа, партиите и политичарите беа поштедени од разминувања заради (пре)големи жртви, уништувања и евентуална капитулација што, без сомнение, би ги поделиле. Но, уште пред дефинитивното повлекување на армијата (јули 1991) дојде до внатрешен конфликт во Демос и до предлог за нов мандатар, што заврши без успех. Демос ја издржа уште, за Словенија, клучната расправа по Брионската декларација, иако некои помали партии во него се дистанцираа од истата, оценувајќи ја како капитулантска (инаку Брионската декларација ја прифати и опозицијата). При тоа, сѐ повеќе се покажуваа последиците од внатрешните разминувања и на крајот од 1991 година Демос се распадна, но тоа немаше поголемо влијание врз усвојувањето на уставот. Старите разминувања во одделни точки останаа, но нив постепено успеаја да ги усогласат бидејќи уставот требаше да се донесе и од надворешнополитички причини. Така, новиот словенечки устав беше донесен на 23 декември 1991 година, кога веќе беше јасно дека Европската заедница ќе ја признае Словенија (тоа се случи во јануари 1992 год., а во мај Словенија беше примена и во ООН).

*Božo REPE*

## ATTAINMENT OF CONSTITUTIONAL INDEPENDENCE OF SLOVENIA

(Abstract)

In his paper, the author treats the changes of the constitutional order in Yugoslavia, as well as attainment of constitutional independence of Slovenia. The 1974 Constitution was first changed in October 1988 when the federal chamber of the Yugoslav Federal Assembly adopted a bundle of constitutional amendments, which were also acknowledged by the Slovenian Assembly. Without consent, Serbia changed its constitution (abolishment of autonomous provinces) in February 1989. In Slovenia, the issue of constitutional regulation became the main battlefield of the competition between the authorities and the opposition. The latter organised a special "Meeting for the Constitution" and prepared its own Constitution bill. In spite of the strong opposition from Belgrade, the Slovenian authorities adopted the amendments to Slovenian Constitution in September 1989, which allowed a transition from the socialist to the market economy and from a mono-party to a multi-party system. The April 1990 elections were won by the opposition, which however, due to the growing political polarisation in Slovenia and internal conflicts within the opposition itself, didn't manage to prepare a new constitution. The act of separation of Slovenia was therefore legally backed up through a national referendum (of the 93,2% voters who took part, 88,2% voted for the independence in December 1990). The new Slovenian constitution was then adopted in December 1991, when Slovenia was already an independent state and shortly before the European Union and some other important states internationally acknowledged it.